Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2025 година („Службен гласник на општина Кочани“ бр.02/2025).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе важи до денот на донесување на Одлуката за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2027 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 461/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 и членот 22 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со членот 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018, 163/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 86/2020, 67/2022,170/2024, 3/2025; 17/2025 И 101/2025 ) и членот 2, членот 4, став 1, ал. 8 и чл.13 ст.1 од Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија

Член 1

Во Одлуката за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија („Службен гласник на Општина Кочани “ бр.01/2026), се врши следната измена:
Во членот 2 ставот 1 се менува и гласи:„ Продавница „Јонче“ с.Оризари, Бараки „Селиште“с.Оризари, Православен храм „Св. Атанасиј“ с.Оризари, ул.„Гоце Делчев“– пешачки мост с.Оризари, ул.„Гоце Делчев“ – мост „Витоша“с.Оризари, ул.„Гоце

Делчев“ – пешачки мост, Православен храм „Св.Атанасиј“ с.Оризари, раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ и ул.„Христијан Карпош“, спој на ул.„Тодосија Паунов“ и ул. „Никола Карев“, СОУ „Гошо Викентиев“, Печатница, Атомски згради, ул.Македонска 1, ул. Македонска 2, Руен, Треска, Автобуска, УЈП , х.Ледер, Плоштад, ОУ„Раде Кратовче“, м.в.„Бавчалук“, ОУ„Раде Кратовче“, Плоштад, Стопанска банка, Македонска пошта, Стришани, Болница, спој на ул.„Бел камен со “ул.„Страшо Ербапче“, „Драчевиќ“, „Осоговка“, м.в. „Сиви дом“, х.„Национал“, конфекција.„Амор“, печатница „Европа 92“, плинска станица „Александрија“, конфекција.„Амор“, х.„Национал“, м.в.Сиви дом, Осоговка, „Авто комерц“, „Грозд“, м.в.„Пераклија“, ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Кочани, УЈП, х.Ледер, Плоштад, ОУ„Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук“, ОУ„Раде Кратовче“, Плоштад, Стопанска банка, Македонска пошта, Автобуска, „Треска“, ул.Македонска 1, ул. Македонска 2, „Руен“, Атомски згради, Печатница, СОУ „Гошо Викентиев“, ул.„Тодосија Паунов“ (м.в.Дедово мало во с.Оризари), раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ и ул.„Христијан Карпош“ с.Оризари, Православен храм „Св.Атанасиј“ с.Оризари, ул.„Гоце Делчев“ – пешачки мост, ул.„Гоце Делчев“ – мост „Витоша“ с.Оризари, Бараки „Селиште“с.Оризари, Продавница „Јонче“ с.Оризари„.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 462/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), и членот 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.78/2015, 106/201, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019, 122/21 и 193/25 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање под закуп делови од недвижна ствар, сопственост на Општина Кочани

Член 1

Да се дадат под закуп за период од 5 (пет) години, следните делови од недвижна ствар, сопственост на Општина Кочани:
- Делови од зграда 1, приземје на ул. „Љупчо Сантов“ – Кочани, заведени во ИЛ бр.13185, на КП бр.11592 и тоа:

1. Една просторија со површина – 13,72 м2
2. Една просторија – ходник ____7,34 м2 и
3. Една просторија со површина – 13,72 м2

---

Вкупно: 34,78 м2

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 463/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/20022002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

I.

Советот на Општина Кочани бара за наредна седница на Советот да се изготви информација во врска со Градскиот базен во Кочани.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 452/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/20022002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2025 година

I.

Се прифаќа Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 454/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/20022002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2026 година

I.

1. Се прифаќа Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2026 година.
2. Се задолжува Општина Кочани преку КЈП„Водовод”-Кочани во соработка со АД Водостопанство на РМ во државна сопственост-Подружница „Брегалница“-Кочани да ги исчистат каналите во с.Долни Подлог, с.Горни Подлог и с.Тркање, истата активност да биде реализирана до месец Март.

3. Општина Кочани да изготви оперативен план за постапување при поплави и да изготви план за заштита и спасување.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 455/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/20022002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за пошумувањето и заштита од ерозија на подрачјето на општина Кочани

I.

Се прифаќа Информацијата за пошумувањето и заштитата од ерозија на подрачјето на општина Кочани.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 456/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештај за работењето на ЈОУ Библиотека „Искра“- Кочани за 2025 година и Програма за работа за 2026 година

I.

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈОУ Библиотека „Искра“- Кочани за 2025 година и Програма за работа за 2026 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 467/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 106 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.161/2019 и 229/202, 03/2025; 74/2025 и 250/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член на Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев“ – Кочани

I.

1. Од функцијата член на Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев“ – Кочани, се разрешува Гоце Димитров.
2. Орце Гаврилов се именува за член на Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев“ – Кочани, од основачот.

II.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 464/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 114 став 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016,163/2017, 21/2018, 198/2018, 104/2019, 146/2019, 275/2019, 88/2020, 311/2020, 294/2021, 150/2022; 236/2022; 236/2022; 265/2024; 17/2025 и 132/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани

I.

Од функцијата член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани, поради истек на мандат се разрешуваат:
-Катица Тасевска- претставник од основачот
-Гордана Манева- претставник од основачот
-Ратка Ефремова- претставник од основачот

За членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани од основачот, се именуваат:
- Тина Петрова
- Љубомир Илијев
- Тања Медарска

II.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 465/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 13 став 2 од Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004, 89/2008, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015, 39/2016, 122/2021 и 160/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани

I.

1. Од функцијата член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани, се разрешуваат:
- Александар Димитров
- Петруш Костадинов

2. За членови на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани се именуваат:
- Глигор Тодоров
- Емица Трајанова

II.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 466/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 17-а став 2 и член 26 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на Јавно претпријтие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213/24), Советот на Општина Кочани на 24.02.2026 година, донесе и објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорен одбор на КЈП „Водовод“ Кочани

I.

1. Предмет на јавниот повик и основ за објавување: Советот на Општина Кочани објавува јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 3 (три) членови надзорен одбор на КЈП „Водовод“ Кочани со времетраење од пет дена на веб -страницата на Општина Кочани: https://kocani.gov.mk/ и на веб страницата на КЈП „Водовод“ Кочани: https://vodovodkocani.com.mk/ .

Постапката се спроведува согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на Јавно претпријтие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213/24).

2. Јавниот повик ги содржи следните податоци:

2.1. Назив на основачот на јавното претпријатие за кое е распишан јавниот повик: Совет на Општина Кочани, општина Кочани

2.2. Назив и седиште на јавното препријатие: КЈП „Водовод“ Кочани со седиште на адреса „Д-р Николич бр.64“

Кочани
Веб страница на јавното препријатие: https://vodovodkocani.com.mk/ .

2.3. Право на учество: Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

2.4. Назив на позицијата – член на соодветниот орган на јавното претпријатие: јавниот повик се објавува за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 3 (три) члена во надзорен одбор на КЈП „Водовод“ Кочани.

2.5. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
За член на надзорен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следните услови:

Општи услови за член на надзорен одбор:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моменот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Посебни услови за член на надзорен одбор:
Освен овие општи услови наведени во член 26 став (2) од Законот за јавни претпријатија, членовите во надзорниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:
- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

2.5.1 Мандат на членовите на надзорен орган на јавното претпријатие:
Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.
2.5.2. Надлежен орган за именување и разрешување на членовите на надзорен орган на јавното претпријатие:
Членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.
2.6. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ДОСТАВЕНИ КАКО ДОКАЗ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА КЈП „ВОДОВОД“ Кочани

2.6.1. Докази/документи за исполнување на општите услови:
- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VIl/1 степен образование,
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија
- Кратка биографија,
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон,
- Пријава по јавниот повик.

2.6.2 Докази/документи за исполнување на посебните услови за член на надзорен одбор:
- Доказ (потврда од работодавач/

орган/институција) за најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и

- Доказ (потврда од работодавач/ орган/институција) за најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

2.7. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВА НА ДОКУМЕНТИТЕ/ ДОКАЗИТЕ / ПРИЈАВИТЕ

2.7.1. Начин на доставување: Кандидатите кои пројавиле интерес за пријавување за кандидати за член на надзорен одбор на КЈП „Водовод“ Кочани ја доставуваат потребната документација за исполнување на општите и посебните услови во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) со поднесување во архивата на Општина Кочани или по пошта во утврдениот рок на адреса: Општина Кочани, ул„Раде Кратовче" бр.1 Кочани со назнака: За јавен повик за именување на член на надзорен одбор на КЈП „Водовод“ Кочани, со наведување на бројот на јавниот повик.

2.7.2 Образецот за пријавување на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на надзорен одбор на јавното претпријатие е даден во Прилог на овој јавен повик..

2.8 ТРАЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК И КРАЕН РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ:

2.8.1. Јавниот повик се објавува на ден 25.02.2026 година и трае 5 (пет)дена, односно најдоцна до 01.03.2026 година.

2.8.2 Краен рок за доставување на документација и поднесување на пријави е 01.03.2026 година до 15:30 чсот.

2.8.3 Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

2.8.4 Пријавите кои се поднесени без комплетна документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

2.8.5. Доставените документи/прилози не се враќаат на кандидатот по завршување на постапката, истите остануваат во предметот.

2.9. Постапка за селекција на кандидатите:

2.9.1. Селекцијата на кандидатите за членови на надзорен одбор на јавното претпријатие се спроведува од страна на Комисијата формирана од Советот на Општина Кочани согласно член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија (во натамошниот текст: Комисијата), и се состои од две фази, и тоа:

Фаза 1 - административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

2.9.2 Во фазата на административна селекција, се врши бодување на стекнатото образование, работното искуство и секој доставен поединечен доказ (сертификат, лиценца, уверение, диплома издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон), од областа за која треба да бидат

членовите на надзорниот одбор на начин утврден со член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на Јавно претпријтие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213/24). За извршената административна селекција се составува записник и нацрт-листа од кандидатите кои продолжуваат во наредната фаза од постапката на селекција.

2.9.3. Фаза на интервју: Комисијата, најдоцна 10 дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција. Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб страницата на Општина Кочани. Во фазата интервју бодувањето се врши на начин утврден со член 6 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на Јавно претпријтие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213/24)

2.10 Ранг листа на кандидати:

2.10.1. Од страна на Комисијата се подготвува и до Советот на Општина Кочани се доставува ранг-листа од најмногу 10 најдобро рангирани кандидати најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на интервјуто.

2.10.2 Врз основа на ранг-листата од најмногу 10 најдобро рангирани кандидати, од страна на Комисијата се изготвува предлог на кандидати за членови на надзорниот одбор на јавното претпријатие и се доставува до Советот на Општина Кочани, заради донесување на одлука за именување на членови на надзорниот одбор на јавното претпријатие.

2.11. Одлука за именување членови во надзорниот одбор на КЈП „Водовод“ Кочани

2.11.1. Советот на Општина Кочани најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од Комисијата, донесува одлука за именување на членови во надзорниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

2.11.2. Советот на Општина Кочани и КЈП „Водовод“ Кочани се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката на својата веб-страницата да ги објават кратките биографии на сите членови на надзорниот одбор.

2.11 Правна поука: Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

II.

Јавниот повик влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се применува од денот на објавувањето електронски на веб страниците на Општина Кочани и КЈП „Вододвод“ Кочани, а ќе се објави и во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 458/1
24. 02.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на надзорен одбор на јавно претпријатие

П РИЈАВА
за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на надзорен одбор на јавно претпријатие

Ја поднесувам оваа пријава со прилог документација за кандидат за избор на член на надзорен одбор на КЈП „Водовод“ Кочани.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | КЈП „Водовод“ Кочани со седиште на ул.„Д-р Николич бр.64“ Кочани |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум Потпис на подносителот

_______________________ _______________________

<table>
<tr><td colspan="2">Пополнува примачот на пријавата</td></tr>
<tr><td colspan="2">Архивски број на пријавата</td></tr>
<tr><td>Датум на прием на пријавата<br><br>______________________година</td><td>Потпис и печат<br><br>________________________</td></tr>
</table>

# СОДРЖИНА

1. План за измена за Планот на програми за развој на општина Кочани за период 2026-2028 година, Бр.09-470/1
Стр.3

2. Програма за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2026 година, Бр.09-468/1
Стр.8

3. Програма за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2026 година, Бр.09-469/1
Стр.9

4. Одлука за изведување на спомен обележје "Крст" на кружен тек кај хотел Национал Кочани, Бр.09-453/1
Стр.10

5. Одлука за покренување постапка за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Кочани од од сите ризици и опасности, Бр.09-457/1
Стр.13

6. Одлука за разрешување членови и именување вршители на должноста членови на Надзорен одбор на КЈП „Водовод" – Кочани, Бр.09-459/1
Стр.13

7. Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кочани за 2026 година, Бр.09-460/1
Стр.14

8. Одлука за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2026 година, Бр.09-461/1
Стр.14

9. Одлука за изменување на Одлуката за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија, Бр.09-462/1
Стр.17

10. Одлука за давање под закуп делови од недвижна ствар, сопственост на Општина Кочани, Бр.09-463/1
Стр.18

11. Заклучок, Бр.09-452/1
Стр.19

12. Заклучок за прифаќање на Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2025 година, Бр.09-454/1
Стр.19

13. Заклучок за прифаќање на Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2026 година, Бр.09-455/1
Стр.19

14. Заклучок за прифаќање на Информацијата за пошумувањето и заштита од ерозија на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-456/1
Стр.20

15. Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ЈОУ Библиотека „Искра“- Кочани за 2025 година и Програма за работа за 2026 година, Бр.09-467/1
Стр.20

16. Решение за разрешување и именување член на Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев“ – Кочани, Бр.09-464/1
Стр.21

17. Решение за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани, Бр.09-465/1
Стр.21

18. Решение за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани, Бр.09-466/1
Стр.21

19. Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорен одбор на КЈП „Водовод“ Кочани, Бр.09-458/1
Стр.22